КОМОРА НА ВЕШТАЦИ
на Република Северна Македонија
Бр. 0201-431/25
02.10 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 34 точка 10 од Законот за вештачење (Службен весник 154/23) и чл.10 точка 13 од Статутот на Комората на вештаци на РСМ, Собранието на Комората на вештаци на Република Северна Македонија на ден 02.10.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на висина на годишна членарина**

**Член 1**

Висината на годишната членарина за членовите на Комората изнесува 12.000 денари.

**Член 2**

Членовите на Комората кои за прв пат се стекнуваат со лиценца за вештачење имаат право на ослободување од 50% од утврдениот износ за првата годишната чланарина, под услов лиценцата за вештачење да е издадена по 10-ти јуни во тековната година.

**Член 3**

Плаќањето на членарината е задолжително секоја година и истата се врши на следниот начин:

- За вештаците кои поседуваат лиценца за вештачење, крајниот рок на плаќање на чланарината за тековната година е 1ви март.
- За вештаците кои за прв пат се стекнуваат со лиценца за вештачење, согласно чл.2 од оваа Одлука, рокот за плаќање на првата годишната чланарина изнесува 30(триесет) дена, сметано од денот на издавањето на лиценцата.

**Член 4**

Неплаќањето на членарината во предвидените рокови повлекува санкции што ги утврдува Комората и согласно Законот за вештачење.

**Член 5**

Собранието на Комората го овластува Управниот одбор да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**Член 7**

Со стапување на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висина на чланарината од Собрание 26.12.2024 година.

Претседател на Комора за вештаци на РСМ

Д-р Виктор Камнар

КОМОРА НА ВЕШТАЦИ на Република Северна Македонија СКОПЈЕ